# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2017**
**СЕПТЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец: **6**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 2 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 0 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 1 избирачки права | 2 друго |

## Реакции

Реакции овој месец: **8**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1 осуда од функционери | 1 соопштение од здр. на граѓани | 0 Протест |
| 1 мислења на Народен Правобранител | 5 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ: 0 | Активности на здрж. на граѓани: 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0% пол | 17% етничка припадност | 33% религија | 0% политичка припадност |
| 17% попреченост | 0% сексуална ориентација | 33% корисници на дрога | 0% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 3 |
| индиректна | 1 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 4 |
| Негативни пресуди | 1 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2017




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ЈУЛИ 2017

СЛУЧАЈ:

Во периодот од јули до септември 2017 година, Државната изборна комисија (ДИК) во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа, здруженија на граѓани (меѓу кои и Хелсиншкиот комитет) и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Меѓународната Фондација за изборни системи спроведе теренска проверка за пристапноста на гласачките места за лицата со физичка попреченост. Проверката се спроведе на ниво на целата држава и беа опфатени 79% од гласачките места во државата. Според член 112-а од Изборниот законик, ДИК е обврзана да обезбеди пристапност до гласачките места на лицата со попреченост. Општите и посебните заклучоци од проценката се содржани во Извештајот кој го објави ДИК и истите одат во насока дека голем дел од избирачките места воопшто не ги исполнуваат условите за обезбедување на пристап на лицата со физичка попреченост до и во гласачките места, а голем дел само делумно ги исполнуваат условите. Со овие наоди се потврдува дека со секој изборен циклус се врши дискриминација врз лицата со физичка попреченост во однос со останатата популација за која се обезбедени условите за слободно и непречено да го изразат своето право на глас.[1]

1) https://drive.google.com/-file/d/0B8ZpCwro9h-zTEZvWTBrREdCU-WM/view

СУДСКА ПРАКСА:

Управниот суд донесе мериторно Решение за промена на пол во матичната евиденција. Судот донесе Решение со кое утврди промена на пол и ја задолжи Управата за водење на матичните книги при Министерството за правда да изврши промена во Матичната книга на родени и да го поништи сегашниот матичен број. Решението е донесено на јавна седница на Судот.

Постапката ја водеше адвокат Жарко Хаџи Зафиров од адвокатското друштво „Бона Фиде", како дел од тимот на Македонското здржение на млади правници, каде лицето тужител се обратило за правна помош. По промената на податоци во матичната евиденција, Управниот суд го задолжи Министерството за внатрешни работи во рок од 3 (три) дена да издаде нов матичен број кој е соодветен на извршената промена. Ова е прво решение на Управниот суд каде со полна јурисдикција е одлучено за правото за промена на податоците во матичната евиденција според фактички извршената промена на пол кај трансродово лице. Постапката траела околу една и пол година.[2]

2) http://my-la.org.mk/%D0%B4%D0%BE%D0%B-D%D0%B5%D1%81%D0%B5%D0%BD%D0%BE-%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE/

РЕСУРСИ:

Истражување на Агенцијата за фундаментални права на Европската Унија (ФРА): И покрај континуираната дискриминација во различни области, муслиманите кои живеат во Унијата имаат висока доверба во демократските институции. 2 од 5 муслимани во Европската Унија се чувствуваат дискриминирани.

http://fra.europa.eu/en/press-release/2017/muslims-eu-high-levels-trust-despite-pervasive-discrimination

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**